Еко свест

# Информативна сесија

## Програма за грантови на Еко-свест 2026
## Повик за концепти 2026

**21.07.2026**



Шведска Sverige

# Вовед во програмата

**Програма за грантови: „Обновлива правда за животната средина“**

- Имплементатор: Еко-свест (врз основа на Стратешки план 2023-2025).
- Поддршка: Кралство Шведска.
- Главна визија: Трансформација кон праведно и отпорно општество преку демократизација на експертизата и граѓанско лидерство.
- Пристап: Надминување на традиционалниот модел „од горе кон долу“ — опремување на локалните актери со правни, технолошки и политички алатки



# Предизвици и потреби

- **Еколошки и институционален контекст во С. Македонија**
- Климатска ранливост: Растечки ризици од поплави, пожари и деградација на биодиверзитетот (мали хидроцентрали, неподржани заштитени подрачја).
- Институционални слабости: Неусогласеност со ЕУ Законодавството (Поглавје 27), недостиг на капацитети и пренасочување на еколошките буџети.
- Улога на ГО: Неопходни како „чувари на јавниот интерес“ (watchdogs), но ограничени од ресурси, одржливо финансирање и техничка експертиза.

# Стратешки цели

- **6 Главни столбови на грантовата програма**
- Технички капацитет: Застапување политики и усогласување со ЕУ (Поглавје 27).
- Институционален надзор: Зголемување на транспарентноста и одговорноста на власта.
- Зачувување на природата: Управување со заштитени подрачја и мрежата Emerald/Natura 2000.
- Пилот-проекти: Практични, декарбонизирани и одржливи решенија во заедницата.
- Јавна свест: Подигање на климатската писменост и поддршка на граѓански движења.
- Организациска отпорност: Јакнење на менаџментот на ГО и Климатската коалиција.

# Финансирање и крітетиуми

- **Клучни параметри и право на учество**
- Вкупен буџет: 21.500.000 денари.
- Износ по грант: Од 1.200.000 до 4.300.000 денари (не е задолжително ко-финансирање).
- Времетраење: 12 до 14 месеци.
- Критериуми за апликанти:
- Домашни ГО регистрирани по Законот за здруженија и фондации.
- Најмалку 4 години постоење пред повикот.
- Партнерства: Охрабрена соработка со други ГО, институции и локални иницијативи (водечката ГО го води договорот и буџетот).

# Процес на аплицирање

- **Фаза I** (Концепт): Теорија на промена, методологија, проценет буџет и профил на организацијата.

- **Фаза II** (Целосен проект): Работа со Еко-свест за дефинирање индикатори, Result-Based & Adaptive Management, целосен буџет и тимови.

# Временска рамка

| **Активност** | **Краен рок (2026)** | **Статус / Фаза** |
|---|---|---|
| **Објава на грантовата програма** | 6 јули | Почеток |
| **Краен рок за доставување на концепти** | 31 јули | Фаза 1 |
| **Евалуација на концептите и доставување на покани до избраните организации** | 31 август | Фаза 1 |
| **Изработка на целосни проекти апликации** | 30 септември | Фаза 2 |
| **Одобрување на проектите и потпишување договори** | 30 октомври | Почеток на имплементација |

# Документи за Фаза I

**Задолжителна проектна документација во Фаза I**

- Концепт на проект со проценка на буџетот.
- Тековна состојба не постара од 6 месеци (за водечката организација).
- Статут на организацијата апликант.
- Последна авршна сметка.



# Критериуми за концепти

**Критериуми за прифаќање на концептите на проекти**

- Јасно дефинирана теорија на промена и посакувано влијание на проектот
- Оригиналност на идејата и нејзина остварливост
- Искуство на апликантот и предложените партнери
- Применет пристап и методи
- Буџет и ефикасност на ресурсите
- Големина на влијанието (импакт)

# Документи во Фаза II

**Задолжителна проектна документација во Фаза II**

- Предлог-проект со преглед на буџетот и план за трошоци.
- Годишен наративен извештај на организацијата за претходната година.
- Копии од договорите за вработување на клучниот проектен тим или Писма за намери и нивните кратки биографии (CV).
- Сертификат/потврда за непостоење на основи за исклучување (кривични дела, професионална злоупотреба, неисполнети обврски за социјално осигурување/даночни обврски, измама, корупција итн.).
- Договор за партнерство (доколку е применливо).

# Критериуми за Проекти

**Дополнително на критериумите за концепти, проектите ќе треба да ги исполнат и следните критертиуми**

- Да бидат пополнети на македонски јазик користејќи македонска кодна страна.
- Да ги содржат сите придружни документи.
- Да бидат поднесени во рокот наведен во повикот.
- Побараната финансиска поддршка мора да биде во рамките на финансискиот опсег наведен во повикот.
- Периодот на имплементација мора да се совпаѓа со предложениот период наведен во повикот.
- Не смее да содржи активности од листата на неподдржани активности.
- Да биде поднесена од ГО регистрирана во РН Македонија најмалку 4 години пред крајниот рок за аплицирање.

# Евалуација и избор

- **Оценување и заштитни механизми**
- Евалуација: Интерна комисија (мин. 3 члена) + конечно одобрување од примарниот донатор.
- Бодување: Максимум 100 бодови (праг за финансирање: 60 бодови, со мин. 20 за Релевантност).
- Правни & Етички стандарди: Проверка за спречување корупција, конфликт на интереси, заштита на податоци и укажувачи.
- Транспарентност: Можност за приговор/жалба во рок од 5 календарски дена по информирањето.



# Прашања и одговори

Сите прашања може да се упатат преку веб-страницата како коментари на самата објава на повикот. Одговорите ќе бидат јавно достапни под коментарите на веб-страницата: https://ekosvest.com.mk.